Врз основа на член 19 и член 40 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), член 160 од Статутот на БАС, Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 153/2022) и Правилникот за обезбедување на квалитет на БАС, Органот на основачи на 20.01.2026 година, го досесува следното

**УПАТСТВО**

за евалуација на Бизнис академија Смилевски БАС Битола

**Предмет на уредување**

**Член 1**

Со ова Упатство се уредуваат постапките за самоевалуација и обезбедување и оценување на квалитетот на Бизнис академија Смилевски – БАС Битола (во понатамошниот текст БАС).

**Постапка на самоевалуација**

**Член 2**

Самоевалуацијата на БАС ја врши комисија за самоевалуација на начин и според услови определени со Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, Статутот на БАС и Правилникот за квалитет на БАС.

Членовите на комисијата, од став 1 на овој член, се избираат со тајно гласање од Наставничкиот совет на БАС, од редот на наставниците со мандат од четири години и од претставниците на студентите за време од една година.

**Член 3**

Самоевалуацијата се спроведува на интервали од најмногу три години.

Роковите, почетокот и траењето на постапката за самоевалуација на БАС се определуваат со Одлука на Советот за квалитет на БАС.

**Стандарди и индикатори за квалитет**

**Член 4**

БАС при спроведувањето на постапката за внатрешно обезбедување на квалитет, односно постапката за самоевалуација, се раководи од стандардите и индикаторите за квалитет на високото образование, утврдени во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.

**Член 5**

Стандардите за квалитет во високото образование се:

- Стандард 1 - Институционални политики за обезбедување квалитет;
- Стандард 2 - Креирање, одобрување и следење на студиските програми;
- Стандард 3 - Учење, настава и вреднување насочено кон студентот;
- Стандард 4 - Запишување и напредување на студентите, дипломи и сертификати;
- Стандард 5 - Наставен кадар;
- Стандард 6 - Ресурси за учење и поддршка на студентите;
- Стандард 7- Управување со информации;
- Стандард 8 - Информирање на јавноста и
- Стандард 9 - Меѓународна соработка и интернационализација.

**Член 6**

Исполнетоста на стандардите се утврдува преку индикаторите утврдени во Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација.

**Извештај за самоевалуацијата**

**Член 7**

Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на веб страната на БАС.

Составен дел на самоевалуацијата е анкета на студентите за квалитетот на наставниот и соработничкиот кадар, која се спроведува во втората половина од семестарот односно учебната година, за секој предмет одделно, зависно дали се работи за едносеместрален или двосеместрален предмет.

Составен дел од самоевалуацијата се и:

- Анкетен прашалник за студенти;
- Анктен прашалник за наставници и студенти;
- Анкетен прашалник за менторите на партнерските организации;
- Анкетен прашалник за вработени дипломанти на БАС;
- Анкетен прашалник за исполнетост на ЕСГ стандардите на БАС;
- Искази од спроведено Интервју со основачите на БАС;
- Фидбек до наставниот кадар од менаџерот за квалитет (увид на час и евелуација од студенти);

**Член 8**

Комисијата за самоевалуација, изготвува извештај од самоевалуација, пополнет во образец утврден од Одборот за евалуација.

Извештајот за самоевалуација се пишува за интерни потреби на БАС и за екстерни потреби, односно за надворешна евалуација.

За потребите на надворешната евалуација Извештајот се изготвува и на англиски јазик;

Извештајот се изготвува така да биде аналитички и самокритички.

Составен дел на Извештајот е Придружна документација, акти, документи, стратегии, планови и сл. кои се од значење за евалуација на квалитетот на БАС.

**Акциски план**

**Член 9**

Врз основа на Извештајот од самоевалуацијата на БАС, Советот за квалитет на БАС, предлага акциски план со конкретни мерки за отстранување на слабостите и унапредување на квалитетот на БАС, насоки за негово спроведување, дополнителни индикатори за квалитет и план за следење на реализацијата и континуирано унапредување.

**Завршни одредби**

**Член 10**

Упатството за самоевалуација на БАС стапува во сила со денот на усвојување од страна на Органот на основачи на БАС.

**Член 11**

Со денот на влегување во сила на ова Упатство за евалуација престанува да важи Упатството за евалуација на БАС донесено на 28.06.2010 г.

**Член 12**

Упатството за евалуација на БАС се објавува на страната на БАС.